Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 10/0306
02.02 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2023 година, врз основа на примена жалба од Андреј Димовски, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Текстот насловен „Кандидат за директор на Академијата за судии и обвинители ја утнал нејзината адреса, па ковертот со документи залутал во друга институција", објавен на порталот „Сакам да кажам" на 8 декември 2022 година, не ги прекршил етичките и професионалните стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 23 декември 2022 година, Андреј Димовски поднесе жалба за текстот со наслов „Кандидат за директор на Академијата за судии и обвинители ја утнал нејзината адреса, па ковертот со документи залутал во друга институција**“**, објавен на 8 декември 2022 година на порталот „Сакам да кажам“ (www.sdk.mk).

Во жалбата се наведува дека оспорениот текст содржи неточно и нефер известување, незастапена втора страна, говор на омраза, мешање на факти и мислење, т.е. **мешање на** вест и коментар, нарушување на приватноста и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Според горенаведеното, жалителот цени дека во содржината се прекршени членовите 1, 7, 10 и 13 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Во претставката, Димовски пишува дека со објавениот текст во јавноста е претставена искривена слика за него како личност, за неговото работење како судија, при што му било попречено неговото право достоинствено да учествува во постапката по објавениот јавен оглас за избор на директор на Академијата за судии и јавни обвинители. Тој во претставката наведува примери од текстот кој е предмет на жалба, за кои тврди дека го нарушиле неговото достоинство. Во жалбата се тврди дека, спротивно на принципите на однесување предвидени со Кодексот на новинарите на Македонија, во текстот е користен предизвикувачки и омаловажувачки речник, како на пример: „Во разговорот со членовите на Управниот одбор, ни рекоа дека е важно дека го погодил називот на институцијата“; „На прашање зошто му ги прифаќаат документите на затворен оглас на судијата кој ја згрешил адресата на Академијата и поради тоа го одлагаат закажаниот избор на директор, УО кажа дека Димовски има право да конкурира по пошта“; „Вчера на задоцнетиот кандидат на конкурсот му се посреќи со документите со згрешена адреса, но не и претходно со оценувањето во Судскиот совет. На вчерашната седница тој имаше приговор поради тоа што Судскиот совет му ставил единица за работењето. Приговорот му беше отфрлен, негативната оценка остана.“

Судијата Димовски во жалбата тврди дека објавениот текст, предмет на жалба, е тенденциозен и злонамерен и истиот е искористен за пресметка со цел тој да биде дискредитиран пред изборот за директор на Академијата за судии и јавни обвинители преку изнесувањето податоци од постапка за оценување пред Судскиот совет, чија одлука, како што стои во жалбата, не е конечна, ниту е од влијание, ниту е предвидена како еден од условите за избор за директор во Академијата.

Понатаму, жалителот објаснува дека информациите пренесени во текстот немаат апсолутно никаква поврзаност со вистината, односно огласот не бил затворен во време на поднесувањето на неговата апликација за директор, ниту пак тој ја погрешил адресата на

Академијата. Следствено на ова, како што се вели во жалбата, неговата апликација била навремено и уредно доставена, а во текстот е извршена виктимизација врз еден судија при неговото аплицирање на јавен оглас.

Сето ова, како што пишува во жалбата, ќе претставува основа за заштита на човековите права на судијата пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Дополнително, жалителот во жалбата наведува примери од други медиуми кои дополнително истражиле на што се должи погрешната адреса при доставата на ковертот со документи на јавниот оглас, односно дека станувало збор за погрешна адреса напишана на веб-страницата на Академијата за судии и јавни обвинители, која подоцна била исправена.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, стапи во контакт со порталот „Сдк.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Главниот и одговорен уредник на „Сакам да кажам“, Горан Михајловски, одговори на наводите на жалителот. Тој смета дека жалбата е неоснована и полна со невистинити квалификации кои претставуваат груб притисок врз независното и објективно новинарство, особено поради фактот што доаѓаат од судија од Граѓанскиот суд.

Михајловски во својот одговор тврди дека текстот е базиран на дневен извештај од отворена седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители за избор на нов директор на институцијата. Во однос на цитатите кои жалителот ги потенцира како доказ за наштетување на неговиот углед, од редакцијата одговараат дека станува збор за изјави од членовите на Управниот одбор кои ѝ биле дадени на новинарката, која била и единствена новинарка која присуствувала на настанот. Во однос на наводите на судијата Димовски, во одговорот на редакцијата се тврди дека никаде во текстот не пишува дека тој е виновен за погрешната адреса напишана на ковертот со документи, туку дека причина за одложувањето на изборот била погрешна адреса.

Во врска со наводите дека судијата имал негативна оценка за својата работа, Михајловски во својот одговор наведува дека редакцијата и понатаму ќе продолжи да ја истражува работата на сите избрани и именувани лица, а тоа што решението за оценката не било конечно, не ја прави оценката невистинита, како што се тврди во жалбата.

Понатаму, во однос на најавата на судијата Димовски дека случајот ќе се најде пред Европскиот суд за човекови права, редакцијата во одговорот на главниот уредник прашува против кого ќе биде поднесена тужба, со оглед на тоа дека во судот во Стразбур тужена страна може да биде само државата, а не и медиум.

Во врска со примерите од други медиуми кои ги доставува Димовски во жалбата, од редакцијата „Сакам да кажам“ тврдат дека новинарката на редакцијата била единствена присутна на настанот, а понатаму, текстот или го препишале други медиуми или пак го искористиле како појдовна точка за други текстови со други аспекти поврзани со постапката за избор на директор.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и со мнозинство гласови одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

Комисијата, во текот на расправата, не најде доволно елементи за да констатира прекршувања по неточно и нефер известување, незастапена втора страна, говор на омраза, мешање на факти и мислење, вест и коментар, нарушување на приватноста и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Оттука, Комисијата не констатира повреда на членовите 1, 7, 10 и 13 од Кодексот на новинарите, на кои упатува жалителот, ниту прекршување на кој било друг член од Кодексот или од **Насоките за известување во онлајн медиумите**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јануари 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорниот текст. Комисијата заклучи дека станува збор за текст од јавен интерес, со оглед на тоа што се работи за избор на директор на важна институција **која е најтесно поврзана со функционирањето на правосудниот систем**, но дека истиот можел да биде посеопфатно и подетално разработен од страна на новинарката.

Текстот изнесува информации од дневен настан, односно од седница на Управниот одбор на Академијата на судии и јавни обвинители. Во него се наведуваат три работи кои се клучни за публиката – дека била закажана седница, дека истата се одложила и се наведуваат причините зошто истата била одложена (во случајов, поради задоцнет коверт со документи на еден од кандидатите, поради погрешна адреса). Во текстот не е наведено од кои причини ковертот задоцнил, ниту пак на што се должи погрешната адреса, но мнозинството членови на Комисијата сметаа дека е прашање на уредувачка политика и одлука на редакцијата дали ќе продолжи да ја истражува и да ја продолжи темата или пак ќе се задржи само на дневниот настан.
Поради фактот што станува збор за известување од дневен настан, новинарката можела, но немала обврска да ја побара и втората страна, што автоматски наведува дека нема прекршување на членот 1 од Кодексот.

Сепак, дел од членовите на Комисијата сметаа дека темата би добила поголема тежина, а текстот би бил попрофесионално обработен доколку во случајов била исконтактирана втората страна, односно судијата Димовски, за да му се даде можност да образложи зошто решил да ги испрати документите по пошта и од кои причини адресата била погрешна, **до толку повеќе што датумот на објавата е ден после седницата**.

Понатаму, став на Комисијата е дека текстот не содржи навреда или клевета спрема жалителот, ниту пак дека има прикривање на суштински информации. Новинарката, за време на следењето на настанот од седницата, не можела да знае на што се должи погрешната адреса на ковертот со документи поднесени од страна на судијата Димовски. Тоа било предмет на интерес на други медиуми, а медиумот „СДК.мк" одлучил да не навлегува подлабоко во темата, што е легитимна одлука и прашање на уредувачка политика.

Во однос на самиот текст дел од членовите на Комисијата сметаат дека содржината можела да биде посеопфатно обработена и подобро истражена, дотолку повеќе што текстот е објавен еден ден по настанот за кој што се известува, што укажува дека имало доволно време да се даде појасна слика за случувањата.

Генерално, станува збор за текст кој по форма ги исполнува **минималните** стандарди на извештај за дневен настан, **вклучувајќи го и одговорот** на прашањето зошто се одложила седницата за избор на директор на Академијата за судии и јавни обвинители.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **со мнозинство гласови** одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува порталот „Сакам да кажам" (www.sdk.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595